# Мудроста - извор на книгата

Мирис на штотуку испечени кифлички, свежо цедено овошје и еден разигран есенски сончев зрак ме разбуди рано наутро. Си ги протрив сонливите очи и скокнав од креветот. Се облеков и отрчав крај призорецот. Зад завесата сонцето играше некоја магична игра со пожолтените лисја на дрвјата, навестувајќи убав и топол есенски ден.

Додека завршував со појадокот, некој тропна на вратата. Беа тоа другарчињата од мојата улица.

- Ајде, Петар облечи се. Треба нешто да ти покажеме! - возбудено извикаа сите во еден глас.

Облеков јакна и излегов надвор. Збунето ги следев во исчекување на она што треба да го видам. Отидовме во паркот, во близина на мојата куќа каде секојдневно поминувавме по неколку часа заедно во игра и смеа. Застанавме под крошната на најголемото дрво во паркот.

- Види ! - извикаа.

Пред нас се издигаше куп преполн со расфрлани стари книги. Некој ги беше оставил тука. Ги погледнав другарите со подотворена уста. Тие се насмевнаа, намигнувајќи ми.

Начичкани една до друга, пред моите очи, тие книги изгледаа како тајно богатство ископано од длабочините на земјата. Мојот поглед се загуби во нив. Мирисот на стара хартија и прашина како под магија ме натера да ја пуштам раката да ми поминува по нив.

Посакав да знам што се крие зад страниците, макар на една од нив. Внимателно разгледував меѓу насловите избледени од времето, зборови на јазици, кои ги препознав и десетина други кои ми беа непознати.

Покажувајќи се срамежливо на крајот од купот, вкоричена во кожа со боја на зрела калинка и наслов испишан со златни букви кои пламтеа под сонцето, мојот избор ми се насмевна. Се приближив и ги помилував зборовите со врвовите на прстите, читајќи во тишина "Мудроста на Книгата" .

Ја земав книгата со најголема внимателност, ја прелистав пуштајќи страниците да се разлетаат.

Како под дејство на магија, задоволен од својот избор, носејќи ја книгата под рака со втисната насмевка на усните, се вратив дома. Се повлеков во својата соба и решив да ги прочитам првите редови на мојот нов пријател. Пред да забележам , ме привлече и веќе немаше помош. Јас патував. Патував околу светот. Од едно место, на друго. Како во временска машина. Чекор по чекор, приказната се распрсна на илјада други приказни, како да навлегуваше во некаква галерија на огледала од која се отвораа нови и нови прозорци. Минутите и часовите лизнаа како сенка.

Заробен во приказната потонав во еден свет на слики и чувства кои никогаш не ги бев запознал. Ликовите ми се присторија толку реални и ме вовлекоа во еден тунел на авантура и мистерија од

кој не сакав да избегам.     Страница по страница пуштав да ме обвитка магијата на приказната и на нејзиниот свет, се додека ноќта не пристигна. Од тој ден сфатив дека мудроста на книгата е нешто највредно и најскапоцено. Сфатив дека книгите својата мудрост ја пренесуваат на нас децата и ни помагаат да навлеземе во светот на возрасните.

Прво место

Петар Симоновски 6-А

ЦОУ „Марко Цепенков“ – ст. Зелениково